# ВОДИЛКИ ЗА РОДИТЕЛИ И НАСТАВНИЦИ

# TIKTOK

**Што е TikTok?**

TikTok е популарна апликација каде корисниците можат да гледаат, креираат и споделуваат кратки видеа со пријатели, семејство или надворешниот свет. Апликацијата е особено популарна кај тинејџерите и помладите генерации.

- Апликацијата вклучува алатки за уредување, што олеснува во создавањето на креативна содржина.
- Алгоритмот на TikTok им помага на корисниците да откриваат видеа прилагодени на нивните интереси, што помага да се објасни неговата силна привлечност и широк досег.

**Дали TikTok е безбеден за деца?**

Како и секоја друштвена платформа, TikTok може да биде безбеден доколку се користи одговорно. Апликацијата вклучува поставки за безбедност и приватност прилагодени на различни возрасни групи.

- **За деца под 13 години**, TikTok има ограничена верзија наречена ***TikTok за помлади корисници***. Оваа верзија обезбедува ограничено искуство за гледање, без опција за објавување видеа или интеракција со други, и вклучува содржина што е соодветна на возраста.
- **Тинејџерите на возраст од 13 до 15 години** имаат дополнителна заштита: нивните профили се однапред поставени како приватни, и само одобрени следбеници можат да ја видат нивната содржина. Тие исто така не можат да испраќаат или примаат пораки со непознати или да вршат пренос “во живо”. Овие функции се дизајнирани да ја ограничат изложеноста до непознати лица и да им помогнат побезбедно да ја користат апликацијата.

**Дали профилите на TikTok се јавни или приватни?**

- Профилите на TikTok за корисници под 16 години автоматски се приватни. Со приватен профил, само одобрени следбеници можат да ги гледаат нивните видеа, да коментираат или да комуницираат со нив.
- За корисници на возраст од 16 години и повозрасни, профилите се однапред поставени како јавни. Секој на TikTok може да ја гледа нивната содржина - освен доколку рачно не се променат поставките за приватност.

## Родителите прашуваат: Како можам да ги заштитам моите деца?

TikTok нуди семејно поврзување, и им овозможува на родителите и старателите да го поврзат својот TikTok профил со профилот на своето дете и да го следат при користењето на апликацијата.

Погрижете се вашиот тинејџер да знае како да го блокира секој што на било каков начин го малтретира, се заканува или го вознемирува.

TikTok нуди семејно поврзување, кое им овозможува на родителите и старателите да го поврзат својот TikTok профил со оној на нивниот тинејџер за да го водат при користењето на апликацијата.

Родителите можат да одлучат дали нивното дете може да пребарува содржина, корисници, песни или хаштагови; да поставаат дневно време поминато пред екранот (40 до 120 минути дневно); да го прилагодат профилот да биде јавен или приватен, да ограничат кој може да остава коментари на нивните видеа, да ги исклучат директните пораки и да овозможат “Ограничен режим”, кој „може да ја ограничи содржината што можеби не е соодветна за нив“.

**Што се TikTok предизвици?**

Предизвиците на TikTok можат да бидат забавни, нудејќи чувство на припадност бидејќи корисниците се приклучуваат и ги споделуваат своите верзии на настанот. Тие брзо стануваат вирални и се голем дел од културата на TikTok.

Сепак, **не сите предизвици се безбедни**. Некои бараат посебни вештини или превземање на физички ризици, а други може да ги поместуваат социјалните или емоционалните граници. За жал, неколку опасни предизвици привлекоа внимание во медиумите, истакнувајќи ја важноста од учењето на децата да размислуваат критички пред да учествуваат.

## Други начини да останете безбедни

**Алатки за модерирање и пријавување**

Согласно Упатствата за заедницата, TikTok користи комбинација од технологија и човечки мислења (рецензии) и ја отстранува содржината која ги прекршува политиките за користење. Сепак, можете да пријавите и содржина што изгледа штетна, несоодветна или навредлива. Охрабрете го вашето дете да пријави сè што го прави да се чувствува непријатно или небезбедно - дури и доколку не е сигурно дали постои прекршување на правилата. Ова се упатствата за тоа како да пријавите проблеми на апликацијата:

- За да оставите коментар: Притиснете и задржете го Коментарот, потоа допрете Пријави.
- За да пријавите видео: Допрете ја стрелката Сподели, потоа изберете Пријави.
- За да пријавите профил: Одете на профилот, допрете ги трите точки во аголот и изберете Пријави.

**Поттикнување на управување со времето и рамнотежа во животот**

TikTok може да биде забавен и привлечен - но како и со секоја апликација, лесно може да се потроши премногу време на неа. Поттикнете го вашето дете да прави паузи и да поминува време непосредно со пријателите и семејството, извршувајќи ги училишни задачи, играјќи надвор или ангажирајќи се во креативни и физички активности. Можете да ги користите функциите за управување со времето за контрола на поминато време пред екран, кои вклучуваат:

- Поставки за време на екранот на TikTok, кои им овозможуваат на корисниците да поставуваат дневни ограничувања и да добиваат потсетници за паузи.
- Вградени функции на телефонот како што се времето на екранот на Apple или дигиталната благосостојба на Android, кои помагаат во следењето и управувањето со користењето на апликацијата.

Балансирањето на времето на екранот помага во заштитата на менталното здравје на вашето дете и ги држи другите приоритети и односи во фокус.

**Забелешка за родителските контроли.** Родителските контроли имаат свое место, но понекогаш непосредните разговори можат да имаа поголеме ефект**.**

**За повеќе информации посетете ја нашата интеренет страна: www.mksafenet.mk**

**Родителите можат да го овозможат “Ограничениот режим” за да се ограничи пристапот до содржина која може да не е соодветна за сите возрасти!**

**Текстот ги одразува само ставовите на авторот, и Комисијата не може да се смета за одговорна за каква било употреба на информациите содржани во неа.**

Ко-финансирано од Европска Унија